imageFORMULA
DR-M140II

# МОЌНО СКЕНИРАЊЕ СО РАЗНОВИДНИ ОПЦИИ ЗА ДИНАМИЧНИ КАНЦЕЛАРИСКИ ОПКРУЖУВАЊА




## Скенер за на работна маса

Повеќенаменските перформанси на imageFORMULA DR-M140II се идеални за влади, финансиски институции, правни служби, медицински установи, компании за производство, како и динамични канцеларии, оддели и работни групи. Брзото и висококвалитетно скенирање и опсегот на интуитивни функции што ги нуди скенерот придонесуваат за извонредно зголемување на продуктивноста.

## Брз и издржлив

DR-M140II овозможува голема продуктивност со брзини на скенирање до 80 слики/мин., 300 dpi и препорачан дневен обем од максимум 8.500 скенирања/ден. Опремен со механизам за снабдување со документи за 80 листови, овој уред е идеален за опкружувања во кои сериското скенирање и прецизноста на OCR се неопходни за деловните работни процеси и системите за управување со содржини.

## Паметна технологија за ракување со хартија на која може да ѝ верувате

DR-M140II е дизајниран да ви помогне да постигнете извонредна продуктивност. Ултразвучното откривање на двојно повлекување документи брзо ги препознава погрешните снабдувања, а практичното копче за ослободување на двојните повлекувања ви овозможува да „игнорирате и продолжите“ со скенирањето во посебни случаи - на пример, при скенирање пликови или документи со прикачени забелешки.

**DR-M140II**

БРЗИНА ЗА ЦРНО-БЕЛО СКЕНИРАЊЕ И СКЕНИРАЊЕ ВО БОЈА 40 СТР./МИН. / 80 СЛИКИ/МИН.

ПРЕПОРАЧАН ДНЕВЕН ОБЕМ 5.500 - 8.500

АВТОМАТСКИ МЕХАНИЗАМ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ ЗА 80 ЛИСТОВИ

ПАТЕКА ВО ФОРМА НА U / ДИРЕКТНА ПАТЕКА

Canon

# СКЕНЕР СО РАЗНОВИДНИ ОПЦИИ, ВИСОКИ ПЕРФОРМАНСИ И УНИКАТЕН ДИЗАЈН ШТО ЗАШТЕДУВА ПРОСТОР

## Иновативен дизајн што заштедува простор

imageFORMULA DR-M140II е компактен уред со мали димензии што максимално заштедува простор. Идеален е за опкружувања во кои слободниот простор е ограничен, како рецепции, пултови за кориснички услуги и продуктивни оддели во компаниите. DR-M140II има висина од само 10 cm и е доволно мал за да се стави во фиока од работната маса.

## Извонредна обработка на слика

Благодарение на неговите моќни функции за обработка на слика, DR-M140II создава доследни и висококвалитетни резултати. Функциите како автоматско откривање бои, напредно подобрување текст, автоматско откривање на големина на хартија и корекција на закосување ќе ви помогнат да ги снимате сите документи со оптимален квалитет. За уште поголема практичност, може да обработувате и A3-документи на едноставен начин со режимот за превиткување. Драјверот на DR-M140II содржи функција MultiStream што овозможува генерирање две слики при стандардната обработка на слика, на пример, црно-бела слика за обработка со OCR и слика во боја за архивирање.

## Поддршка за различни медиуми

DR-M140II е дизајниран да понуди избор од две различни патеки за хартија, односно патека во форма на U или директна патека. Тоа значи дека уредот може да обработува поголем избор на формати на медиуми, почнувајќи од дебели и тенки медиуми, па сѐ до документи со должина до 5,5 m и картички со релјеф.

Благодарение на вградениот и издржлив механизам за раздвојување хартија, DR-M140II може сигурно да скенира документи со различни големини и тежини со доследни високи перформанси - дури и при извршување на најобемни или интензивни задачи.




Дополнителната директна патека за хартија овозможува непрекинато скенирање на пластични картички и дебели документи.



## Практичен софтвер што создава врвни резултати




Capture OnTouch

Редизајнираниот кориснички интерфејс на CaptureOnTouch овозможува уште побрзо и полесно добивање резултати со врвен квалитет. Тој е опремен со целосен автоматски режим што нуди поедноставно скенирање и функција за скенирање со „еден допир“ што овозможува брзо и ефикасно извршување на задачите за скенирање. За да понуди уште поголема флексибилност, CaptureOnTouch поддржува скенирање во повеќе формати на датотеки, меѓу кои и Word, Excel, PDF, PDF-A, TIFF, JPEG, BMP и PPTX (PowerPoint). Исто така, CaptureOnTouch може да испраќа содржини директно кон апликации за управување со податоци како SharePoint, што придонесува за непречени и ефикасни работни процеси.

## Помало влијание врз животната средина

Минимизирајте го вашето влијание врз животната средина користејќи го овој енергетски ефикасен уред што е направен од повеќе од 20% рециклирани материјали и што има еколошко пакување.



# ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

imageFORMULA
DR-M140II

| | | |
|---|---|---|
| **Вид** | Скенер за на работна маса со механизам за снабдување со листови | |
| **Сензор за исчитување на документи** | CMOS CIS 1-линиски сензор | |
| **Оптичка резолуција** | 600 dpi | |
| **Светлосен извор** | RGB LED | |
| **Страна на исчитување** | Еднострано / двострано / прескокнување празна страница / превиткување | |
| **Интерфејс** | High Speed USB 2.0 | |
| **Димензии** | Затворен фах: 313 (Ш) x 181 (Д) x 93 (В) mm<br>Отворен фах (за снабдување и назад):<br>313 (Ш) x 288 (Д) x 93 (В) mm | |
| **Тежина** | Прибл. 2,6 kg | |
| **Предуслови за напојување** | AC 100 - 240 V (50/60 Hz) | |
| **Потрошувачка на енергија** | Скенирање: 24,5 W или помалку Во режим на мирување: 1,6 W<br>ИСКЛУЧЕНО напојување: 0,1 W или помалку | |
| **Работни услови** | 10 - 32,5°C (50 - 90,5°F), влажност: 20 - 80% RH | |
| **Усогласеност за заштита на животната средина** | RoHS | |
| **БРЗИНА НА ЧИТАЊЕ[1] (A4, портрет)** | **DR-M140II** | |
| **ЦРНО-БЕЛО / сиви тонови** | 200 dpi / 300 dpi | 40 стр./мин. / 80 слики/мин. |
| **Во боја** | 200 dpi / 300 dpi | 40 стр./мин. / 80 слики/мин. |
| **СПЕЦИФИКАЦИИ НА ДОКУМЕНТИ** | | |
| **Ширина** | 50,8 mm - 216 mm | |
| **Должина** | 54 - 356 mm | |
| | **Во форма на U** | **Директно** |
| **Дебелина** | 0,04 - 0,15 mm (27 - 128 $g/m^2$) | 0,04 - 0,3 mm (27 - 255 $g/m^2$) |
| **Скенирање пластични картички** | | 54 x 86 x 1,4 mm (поддршка за скенирање на картички со релјеф) |
| **Визит картичка** | | 50,8 - 91 mm (дебелина од 380 $g/m^2$ 0,45 mm или помалку) |
| **Долг документ** | Макс. 5.588 mm (може да се избере во контролниот панел на MS Windows) | |
| **Одвојување листови** | Метод на валјак за задржување (валјак за обратно разделување) | |
| **Капацитет на механизам за снабдување со листови** | 80 листови | |
| **ПЕЧАТЕЊЕ** | | |
| **Резолуција** | 100 x 100 dpi, 150 x 150 dpi, 200 x 200 dpi, 240 x 240 dpi, 300 x 300 dpi, 400 x 400 dpi, 600 x 600 dpi, 1200 x 1200 dpi | |
| **Режим** | Црно-бело, дифузија на грешка, напредно подобрување на текст, напредно подобрување на текст II, 8-битни сиви тонови: (256 нивоа), 24-битни бои, автоматско откривање бои, активен праг | |
| **СПЕЦИЈАЛНИ ФУНКЦИИ** | Автоматско откривање на големина на страница, корекција на закосување, 3-димензионална корекција на бои, изоставување бои (RGB), автоматско откривање на бои, подобрување текст, MultiStream, однапред поставена крива на гама, претходно скенирање, разделување серии (код за составување / празна страница / контра-скенирање / баркод / OCR во зона / предна страница), ротација на слика, прескокнување празна страница, превиткување, поставување зона на скенирање, ориентација на текст, подобрување рабови, намалување на ефектот Moire, спречување на пробивање на боите / отстранување заднина, истакнување знаци, израмнување заднина, отстранување сенки, автоматско поставување на резолуција, бришење точки, брзо враќање во функција, откривање двојно повлекување (ултразвучен сензор / по должина), препознавање баркодови и 2D-кодови) | |
| **ИСПОРАЧАН СОФТВЕР** | | |
| **За Windows OS** | Драјвер ISIS / TWAIN<br>CaptureOnTouch Pro<br>DR Management Tool (само со преземање) | |
| **Опции** | Единица за скенирање 102/202 со рамно лежиште | |
| **Потрошни материјали** | Комплет за замена на валјак | |
| **Дополнителна опрема** | Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за A4-формати<br>Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за A3-формати | |
| **Препорачан дневен обем** | Од 5.500 до 8.500 скенирања/ден | |

[1] Брзината на скенирање зависи од спецификациите на компјутерот и поставените функции.

Посетете го веб-сајтот на Canon за повеќе информации.



**Единица за скенирање 102 со рамно лежиште за A4-формати**



**Единица за скенирање 202 со рамно лежиште за A3-формати**

## Скенирајте нестандардни документи со изборното рамно лежиште

Додајте ја единицата за скенирање 102 со рамно лежиште и скенирајте поврзани книги, дневници и деликатни медиуми со големина до A4 или единицата за скенирање 202 за скенирање во A3-формат. Скенерите со рамно лежиште се поврзуваат преку USB и работат беспрекорно со скенерите imageFORMULA за да овозможат непречен процес на двојно скенирање во кој ќе можете да ги применувате истите функции за подобрување на слики при секое скенирање.

## Комплет за програмери на софтвер (SDK)

Алатките и комплетите за програмери на софтвер се достапни преку програмата за програмери од Canon.
За да се регистрирате во програмата:

- Ве молиме посетете ја страницата за регистрација - https://developers.canon-europe.com/developers/s/login/SelfRegister
- Доколку настане каков било проблем за време на пријавувањето, ве молиме контактирајте со администраторот на CDP преку cdp-admin@canon-europe.com

## DR Management Tool

Флексибилна алатка за централно управување што нуди поддршка за вашите деловни и кориснички опкружувања. DR Scanner Management Tool нуди ефикасен метод за истовремено следење и дистрибуирање поставки за голем број скенери во една организација. Ова може да се преземе од веб-страницата на Canon.

Canon

**Canon Electronics Inc.**
canon-elec.co.jp

**Canon Europe**
canon-europe.com

Macedonian edition
© Canon Europa N.V., 2024